Петта година
45 број
Anul 5, Numărul 45

25 Април 2005
25 Aprilie 2005

# MACEDONEANUL
# МАКЕДОНЕЦОТ

*Asociația Macedonenilor din România*
*Друштвото на Македонците од Романија*



СЕЕФП = Процес за соработка во југо –источна Европа претставува една регионална структура за соработка, неинституализирана, која е создадена во 1996, со повод средбата на министрите за надворешни работи од Албанија, Бугарија, Грција, Република Македонија, Романија, Србија и Црна Гора и Турција. Ним им се приклучија Босна и Херцеговина (февруари 2001) и Хрватска (2004). Претседавач во моментов е Романија (април 2004 - мај 2005).

# Република Македонија - активен чинител во Регионалната соработка во југоисточниот дел на Европскиот континент

## Процесот за соработка во југоисточна Европа ја засилува и парламентарната димензија на соработката

Република Македонија во континуитет ја афирмира својата активна позиција во соработката со соседните земји, но и во поширок регионален контекст. Во практика ја потврдува принципиелната определба дека регионалната соработка во сите домени е неопходна подготовка и значаен предуслов за развивање на секаков вид корисни односи и во пошироките интеграциони процеси, како што се европските и евро-атлантските политички, економски и одбранбени асоцијации. Растечкиот позитивен тренд на активностите на Република Македонија се потврдува и во Процесот за соработка во ЈИЕ, (Р. Македонија, Р. Бугарија, Р. Грција, Р. Турција, Р. Албанија, Романија, Србија и Црна Гора, Р. Хрватска и Босна и Херцеговина, земји-членки, а во својство на набљудувач, Молдова) чиј актуелен претседавач до мај оваа година е Романија. Особено значајна алка во динамиката на активностите на Процесот што треба да кулминира со Конференцијата на шефовите на државите или владите од Регионот на ЈИЕ во првата половина на мај 2005 год., беше Конференцијата на претседателите на Комисиите за надворешна политика и за европска интеграција на националните парламенти од земјите членки на ПС во ЈИЕ, што се одржа во Букурешт на 24-25 март 2005 год. Македонската парламентарна делегација предводена од г-ѓа Каролина Ристова Астеруд, претседател на Комисијата за европски прашања на Собранието на РМ, а, во која беа вклучени и пратениците г-дин Јусуф Арифи, заменик претседател на Комисијата за надворешна политика, г-дин Слободан Чашуле, член на овие две


ES Tihomir Ilievski

ПГА Тихомир Илиевски

SEECP = Procesul de Cooperare în Europa de Sud-Est şi este o structură regională de cooperare, neinstituţionalizată, care a luat fiinţă în 1996, cu ocazia unei întâlniri a miniştrilor de Externe din Albania, Bulgaria, Grecia, Republica Macedonia, România, Serbia şi Muntenegru şi Turcia. Lor li s-au alăturat Bosnia şi Herţegovina (februarie 2001) şi Croaţia (2004). Preşedinţia este deţinută în prezent de România (aprilie 2004-mai 2005).

# Republica Macedonia - participant activ în cadrul procesului de cooperare în regiunea sud estică a continentului european

## Procesul colaborării în Europa de sud-est este întărită şi de către dimensiunea parlamentară a procesului de colaborare

Republica Macedonia şi-a afirmat în mod continuu pe continentul european poziţia sa activă în cadrul colaborării cu ţările vecine, dar şi în cadrul unui context mult mai extins. În practică, ea a confirmat orientarea sa către principiile conform cărora colaborarea regională în toate domeniile constituie un stadiu necesar al pregătirii şi cea mai importantă condiţie preliminară pentru dezvoltarea sub toate formele a relaţiilor extinse şi a proceselor lărgite de integrare, cum ar fi politicile europene şi euroatlantice, asociaţiile economice şi defensive. Dezvoltarea trendului pozitiv legat de activităţile Republicii Macedonia sunt întărite şi de rolul său în cadrul Procesului de Cooperare în Europa de Sud-Est (R. Macedonia, R. Bulgaria, R.Grecia, R. Turcia, R. Albania, România, Serbia şi Munte Negru, R. Croaţia şi Bosnia şi Heţegovina, ţări membre şi în calitate de observator Moldova) al cărei preşedinte până în luna mai a acestui an este România. O verigă deosebit de importantă în dinamica acţiunilor Procesului de colaborare, care trebuie să culmineze cu Conferinţa şefilor de state sau guvernelor din cadrul regiunii de sud-est a Europei până în prima jumătate a lunii mai a anului 2005, a fost Conferinţa preşedinţilor comisiilor de politică externă şi pentru integrare europeană a parlamentelor naţionale din ţările care sunt membre ale Procesului de Cooperare în Europa de Sud-Est şi care s-a desfăşurat la Bucureşti în perioada 24-25 martie 2005. Delegaţia Parlamentului macedonean condusă de doamna Karolina Ristova Asterud, preşedintele Comisiei pentru chestiuni europene din cadrul Camerei Deputaţilor a Republicii Macedonia, în cadrul căreia au fost incluşi şi deputaţii: domnul Jusuf Arifi, vicepreşedinte al Comisiei de politică externă, domnul Slobodan Ciaşule, membru al ambelor comisii, doamna Liliana Ivanovska membru locţiitor al comisiei de politică externă şi ambasadorul Republicii Macedonia la Bucureşti, a fost una dintre cele mai active delegaţii prezente la această importantă

комисии, г-ѓа Лилјана Ивановска, заменик член на Комисијата за надворешна политика и амбасадорот на РМ во Букурешт, беше меѓу најактивните учесници на овој значаен собир. Македонските парламентарци имаа забележливи настапи на сите пленарни дебати кои се однесуваа на јакнењето на парламентарната димензија на соработката во рамките на Процесот, како и на соработка на земјите од овој регион заради унапредување на сопствените можности за што поскорешна интеграција на овие земји во Европската Унија. Во тој контекст претседателката на Комисијата за европски прашања на македонското Собрание го акцентира значењето на усвоените заклучоци од солунскиот Самит на ЕУ одржан 2003 год. во кои, меѓу другото, се охрабруваат и иницијативите за организирање Балканска конференција на парламентарните комисии за европска политика, во функција на унапредувањето на вкупната парламентарна димензија на соработка меѓу земјите што се подготвуваат за идно членство во ЕУ.

Македонските парламентарци зборуваа и за значењето на безбедносниот аспект во регионот како предуслов и за долгорочниот економски развој, со акцент на стратегиската определба на РМ и за членство во НАТО. Во својот забележителен настап, заменик претседателот на Комисијата за надворешна политика на Собранието на РМ, г-дин Јусуф Арифи, ги афирмира и актуелните напори на нашата земја за добивање статус на земја-кандидат за членство во ЕУ и за што поскорешно отпочнување на преговорите за членство во Унијата.

Во дискусиите на нашите парламентарци значајно внимание му беше посветено и на отпочнатиот процес за формирање на енергетска заедница во ЈИЕ во кој парламентите на овие земји, разбирливо, имаат крупна улога. Следната парламентарна конференција, како континуитет на конференцијата одржана на оваа тема во Букурешт во октомври 2004 год., ќе биде одржана во главниот град на Република Македонија, во јуни оваа година.

Македонските парламентарци за време на дводневниот состанок во Букурешт имаа и интензивни билатерални контакти со делегациите од другите земји учеснички. Посебно значајни разговори од аспект и на билатералните односи меѓу нашите две земји имаа со своите домаќини, претседателите на Комитетот за надворешна политика на Сенатот на Романија, Мирчеа Џоана и со претседателот на Комитетот за надворешна политика на Домот на пратениците во романскиот парламент, Стефан Главан. Основен заклучок од овие билатерални разговори на кои учествуваше и г-ѓица Лијана Думитреску, пратеничка во Домот на пратениците на романскиот Парламент, избрана на листата на македонците по потекло што како државјани на Романија живеат во оваа земја, беше дека од взаемен интерес за Македонија и Романија како две многу значајни земји во регионот на ЈИЕ, е натаму да ги унапредуваат меѓусебните односи во сите области, со акцент на парламентарната соработка заради поуспешно заокружување на стратегиските интереси и на двете земји за целосно и што поскорешно интегрирање во ЕУ и во НАТО.

Инаку, македонските парламентарци во разговорот со пратеничката во романскиот Парламент, Лијана Думитреску се информираа за нејзините впечатоци од неодамнешната посета на РМ како и за иницијативите за продлабочување на соработката меѓу надлежните парламентарни групи за пријателство во македонскиот и романскиот Парламент, што со изборот на г-ѓица Думитреску за пратеник во овој состав на романскиот Парламент, добиваат нови значајни можности.

Во рамките на конференциските активности

reuniune. Parlamentarii macedoneni au avut prestații remarcabile la toate dezbaterile în plen, prestații care au subliniat necesitatea întăririi dimensiunii parlamentare a colaborării în cadrul Procesului de Cooperare în Europa de Sud-Est, precum şi a colaborării dintre țările aparținând acestei regiuni în vederea promovării propriilor şanse pentru o cât mai rapidă integrare a acestor țări în cadrul Uniunii Europene. În cadrul acestui context, preşedinta Comisiei pentru chestiuni europene din cadrul Camerei Deputaților a Republicii Macedonia, a accentuat importanța concluziilor adoptate în cadrul summit-ului Uniunii Europe de la Salonik din anul 2003, conform cărora, printre altele, se încurajează şi inițiativele organizării la nivel balcanic a conferințelor care să reunească comisiile parlamentare pentru politică europeană, aceste conferințe având funcția de a promova în totalitate dimensiunea parlamentară a colaborării între țările care se pregătesc în viitor să devină membre ale Uniunii Europene.

Parlamentarii macedoneni au discutat şi despre importanța aspectului securității în regiune ca despre o condiție prealabilă a dezvoltării economice de lungă durată, punând accent pe strategia stabilită de către Republica Macedonia în vederea aderării la NATO. Prin remarcabila sa luare de cuvânt, vicepreşedintele Comisiei pentru politică externă din cadrul Camerei Deputaților a Republicii Macedonia, domnul Jusuf Arifi, a afirmat şi despre eforturile care au fost depuse de către țara noastră în vederea obținerii statutului de țară candidat în procesul aderării la Uniunea Europeană şi despre începerea peste puțin timp a tratativelor pentru aderarea la Uniune.

În discursurile parlamentarilor noştri o deosebită atenție a fost acordată procesului de formare a unității energetice în sud-estul Europei, proces aflat abia la început şi în cadrul căruia parlamentele acestor țări au, bineînțeles, un rol important de jucat. Următoarea conferință parlamentară pe această temă va avea loc în capitala Republicii Macedonia în luna iunie a acestui an şi ea va constitui urmarea celei ținute la Bucureşti în luna octombrie 2004.

Parlamentarii macedoneni pe parcursul celor două zile cât a ținut întrunirea de la Bucureşti au avut şi foarte multe contacte bilaterale cu delegațiile celorlalte țări participante. Convorbiri deosebit de importante şi sub aspectul relațiilor între țările noastre s-au desfăşurat cu reprezentanții țării gazdă, cu preşedintele Comisiei pentru politică externă din cadrul Senatului României, Mircea Geoană şi cu preşedintele Comisiei pentru politică externă din cadrul Camerei Deputaților din Parlamentul României, Ştefan Glăvan. Concluzia principală a acestor convorbiri bilaterale la care a participat şi domnişoara Liana Dumitrescu, deputat în cadrul Camerei Deputaților din Parlamentul României, aleasă pe listele parlamentare ale cetățenilor români de origine macedoneană care trăiesc pe teritoriul României, a fost aceea că este în interesul comun al celor două țări, al Macedoniei şi al României, ele fiind două țări foarte importante în regiunea de sud-est a Europei, ca pe viitor să promoveze relațiile bileterale în toate domeniile, accentul punându-se în special pe colaborarea parlamentară în vederea cuprinderii cu succes a intereselor strategice ale celor două țări în general şi în particular în vederea aderării în cel mai scurt timp la sistemele Uniunii Europe şi NATO.

Între altele, parlamentari macedoneni pe durata întrevederii cu deputata din Parlamentul României, Liana Dumitrescu s-au informat asupra impresiilor sale avute cu ocazia recentei vizite efectuate în Republica Macedonia precum şi asupra inițiativelor şi asupra adâncirii colaborării dintre grupurile parlamentare de prietenie din cadrul Parlamentului macedonean şi din cadrul Parlamentului român, care acum odată cu alegerea domnişoarei Liana Dumitrescu ca deputat în Parlamentul României vor căpăta noi şi importante valențe.

În cadrul activităților desfăşurate cu prilejul acestei conferințe, delegația parlamentară macedoneană a mai avut

македонската парламентарна делегација имаше куси средби и со претседателите на Сенатот и на Домот на пратениците на романскиот Парламент, Николае Вакароју и Адриан Настасе, како и со МНР на Романија, Михаи Разван Унгуреану, кои од името на земјата-домаќин, го поздравија овој значаен парламентарен состанок на првиот ден од неговата работа.

Состанокот на парламентарните комисии за надворешна политика и европска интеграција на земјите членки на Процесот за соработка во југо-источна Европа, заврши на 25 март со усвојување на два значајни документи - завршна Декларација и План за акција. И двата документи се концентрирани на активностите што ќе ја засилуваат парламентарната димензија на соработка меѓу земјите од Процесот, со основна цел, сите земји од овој значаен дел на Европа, што поскоро да се интегрираат во Европската Унија, што според своите основни вредности, сосема го заслужуваат.

Без какво и да е сомневање, улогата на парламентите е мултидимензионална, но е особено битна во создавањето позитивна атмосфера во процесите на социјалните и политичките реформи и во јакнењето на демократијата - неопходни подготовки за основната цел -регионот на ЈИЕ, да стане просперитетен регион.

Духот и идеата на регионалната соработка и на Европската иднина на овие земји, беа карактеристика и на Конференцијата на министрите за одбрана од земјите-членки на Процесот за соработка во ЈИЕ, што се одржа исто така во Букурешт на 31 март 2005 год., а сите овие претходни активности ќе добијат своја целосна завршница со Самитот на Процесот што кон средината на месец мај треба да биде организиран од актуелниот претседавач со Процесот - Романија.

Тихомир Илиевски

scurte întrevederi cu preşedinţii Senatului şi al Camerei Deputaţilor, Nicolae Văcăroiu şi Adrian Năstase precum şi cu Ministrul Afacerilor Externe, Mihai Răzvan Ungureanu care în numele ţării gazdă a salutat această importantă reuniune încă din prima sa zi de desfăşurare.

Întrunirea comisiilor parlamentare pentru politică externă şi integrare europeană aparţinând ţărilor membre ale Procesului de Cooperare în Europa de Sud-Est s-a sfârşit pe data de 25 martie, odată cu adoptarea a două documente de o mare importanţă - Declaraţia de încheiere şi Planul de acţiune. Aceste două documente se concentrează în special asupra acţiunilor care vor consolida dimensiunea parlamentară a colaborării dintre ţările membre ale Procesului de Cooperare în Europa de Sud-Est, şi care au drept scop integrarea cât mai rapidă a tuturor ţărilor din această zonă a Europei, în Uniunea Europeană, integrare pe care conform propriilor valori, aceste ţări o merită pe deplin.

Nu există nici o îndoială că rolul parlamentelor este unul multidimensional şi aceasta se poate observa în special şi rolul pe care ele îl au în instituirea unei anumite pozitivităţi în cadrul proceselor ce se desfăşoară vis-a-vis de reformele politice şi sociale şi în cadrul întăririi democraţiei - paşi necesari în atingerea ţelului lor de bază şi anume ca zona de sud-est a Europei să devină o zonă prosperă.

Duhul şi ideea colaborării regionale, viitorul european al acestor ţări au constituit şi caracteristicile Conferinţei Miniştrilor Apărării din Sud-Estul Europei care s-a desfăşurat de asemenea la Bucureşti pe 31 martie 2005, iar ele vor avea un coronament în cadrul Summit-ului Procesului de Cooperare în Europa de Sud-Est care trebuie organizat de preşedintele în funcţie - România - până la mijlocul lunii mai a anului curent.

Tihomir Ilievski

Одекот на посетата од страна на Лиана Думитреску пратеник од страна на ДМР, во Република Македонија сеуште одекнува во печатот на македонските заедници од ширум балканот. Во продолжение ви претставуваме еден материјал кој се појави во 4 број од месец април 2005 во списанието "Народна Волја" кое излегува во Република Бугарија.

Ecourile vizitei efectuate de către Liana Dumitrescu, deputat AMR, în Republica Macedonia sunt încă vii în presa comunităţilor macedonene din diferite ţări balcanice. Vă prezentăm în continuare articolul apărut în numărul 4 din luna aprilie 2005 în publicaţia "Voinţa Poporului" care apare în Republica Bulgaria.


ГОДИНА XXVI, БРОЈ 4 (223) АПРИЛ 2005 ГОДИНА ЦЕНА 0.40 лв.

НАРОДНА ВОЛЈА

Каталожен број 2050

МАКЕДОНСКИ ВЕСНИК ЗА ТЕОРИЈА, ИСТОРИЈА, КУЛТУРА И УМЕТНОСТ

E-mail: n_volja@yahoo.com

## MACEDONEANCĂ DEPUTAT ÎN PARLAMENTUL ROMÂNIEI

## МАКЕДОНКА ПРАТЕНИК ВО РОМАНСКИОТ ПАРЛАМЕНТ


МАКЕДОНКА - ДЕПУТАТ В РУМЪНСКИЯ ПАРЛАМЕНТ

*Интервю на Георги Радулов специално за в. "Народна воля"*

Лилиана Думитреску

(Продължава на стр. 11)

Лиана Думитреску, потпретседател на Друштвото на македонците од Романија е пратеник во пратеничкиот дом на Романија. Госпоѓица Думитреску е многу симпатична и многу образована млада жена. Со леснотија дискутира за политички, етнички, економски и правни прашања, поврзани со етничките малцинства, со нивните права во Романија и во други земји. Таа и секретарот на Друштвото на македонците од Романија госпоѓица Лаура Рогобете, присуствуваа на "Дионисовите чествувања" во Скопје на 25 и 26 февруари. Госпоѓица Лаура Рогобете е исто така млада симпатична и пријатна жена. За нејзината едукација доволно е да се спомене, дека е електро машински инжинер и покрај романскиот и македонскиот јазик, владее уште со француски, англиски и србски јазик.
Ја искористивме оваа прилика да земеме едно интервју од г-ца Лиана Думитреску за читателите на "Народна Воља".

**- Од кога е формирано вашето друштво?**

**Л. Д. :** Подолго време се подготвуваме да го фомираме друштвото, но официјално е регистрирано во септември 2000 год. под името: Друштвото на македонците од Романија. Издаваме и наш месечен весник.

**- Од кога сте пратеник во парламентот на Романија?**

**Л.Д. :** претеник сум од неодамна, од декември 2004 година.

**- А како бевте избрана за пратеник?**

**Л.Д :** Во Романија нема партии на етничка основа. Но согласно со уставот на Романија секое официјално признаено малцинство има право на еден пратеник во парламентот, за да им ги заштитува правата. Во Романија има 19 официјално признаени национални малцинства и сите тие имаат по еден пратеник. Ќе подвлечам дека пратеници имаат сите 19 официјално признаени малцинства. Всушност признати се 20, но чесите и словаците членуваат во една организација, не сакајки да се разделат по разделувањето на Чехословачка на две одделни држави.

**- Според вас колку македонци живеат во моментов во Романија?**

**Л.Д :** По наше мислење во Рманија живеат околу 15000 македонци. Македонците декларирани на пописот од 2002 година се наброј од 695. Територијално се распределени во неколку места. Нај многу активисти има Долж 350, во Добруџа 300 итн.

**- Знаат ли денешните македонци од Романија од каде се дојдени нивните предци?**

**Л.Д :** наследниците на генерациите кои се дојдени со стотици години score наназад, не знаат од каде им се дојдени предците. Велат дека се дојдени од Прилепско или од кон Пирин, но не можат да кажат од точно кое село се дојени. Уште повеќе затоа што во едно населено место сега живеат македонци дојдени од различни места од

De la stânga la dreapta : Liana Dumitrescu, Gheorghi Radulov (Bulgaria), Laura Rogobete



Од лево на десно : Лиана Думитреску, Георги Радулов (Бугарија), Лаура Рогобете

Liana Dumitrescu, vicepreşedinte al Asociaţiei Macedonenilor din România, este deputat în Parlamentul României. Domnişoara Dumitrescu este o femeie tânără, foarte simpatică şi erudită. Dânsa cu uşurinţă vorbeşte despre problemele politice, etnice, economice şi de drept legate de minorităţile etnice din România şi din alte ţări. Dânsa împreună cu secretarul Asociaţiei Macedonenilor din România, domnişora Laura Rogobete au participat la Skopje în perioada 25-26 februarie 2005 la „Sărbătorile dionisiace". Domnişoara Laura Rogobete este de asemeni o femeie tânără şi simpatică . Despre erudiţia dânsei este destul să amintim că este un inginer electo-mecanic şi pe lângă limba română şi cea macedoneană stăpâneşte şi limbile franceză, engleză şi sârbă. Ne-am folosit de întâlnirea de la Skopjej pentru a lua un interviu domnişoarei Liana Dumitrescu pentru cititorii ziarului „Voinţa Poporului".

**- Când a fost infiinţată organizaţia dumneavoastră ?**

**L.D.** : Dorinţa de a crea această organizaţiei este mai veche, dar la modul oficial ea a fost înregistrată abia în anul 2000 în luna septembrie cu numele de Asociaţia Macedonenilor din România (în limba macedonenană Druştvoto na Machedonţite od Romania). Organizaţia noastră de asemenea editează lunar propria publicaţie.

**- De când sunteţi deputat în Parlamentul României ?**

**L.D.** : Am devenit deputat de puţin timp, mai bine zis din decembrie 2004.

- **Cum aţi fost aleasă ca deputat ?**

**L.D.** : În România nu există partide create pe criterii etnice. Conform Contituţiei României, fiecare minoritate naţională recunoscută oficial are dreptul de a fi reprezentată în Parlament de un deputat care să apere drepturile şi interesele respectivei etnii. În România există 19 minorităţi naţionale care sunt oficial recunoscute, fiecare fiind reprezentate la nivel parlamentar de un deputat. De fapt sunt recunoscute 20, dar cehii şi slovacii din România au constituit o organizaţie împreună, ei nevrând să urmeze exemplul ţărilor de unde provin şi care s-au despărţit.

**- Care credeţi că este numărul macedonenilor care trăiesc în acest moment în România ?**

**L.D.** : După părerea noastră, în România sunt 15 000 de macedoneni. Macedonenii declaraţi la recensământul din anul 2002 sunt în număr de 695. din punctul de vedere al răspândirii geografice, macedonenii din România sunt aşezaţi în câteva localităţi. Cele mai multe persoane sunt în judeţul Dolj cca. 350, în Dobrogea cca 300 şi în alte zone.

**- Cunosc macedonenii din România de unde au venit strămoşii lor ?**

**L.D.** : Urmaşii acelora care au venit pe teritoriul României acum câteva sute de ani, nu mai cunosc cu precizie locul de unde au plecat aceştia. Ei afirmă că provin din zona Prilepului sau din Pirin, dar nu pot spune cu exactitate din ce sat. Trebuie luat în consideraţie şi faptul că comunităţile macedonene din România erau constituite din oameni sosiţi din mai toate zonele Macedoniei. Ei au sosit din toate cele trei părţi ale Macedoniei. Cei care au sosit mai târziu în România

Македонија. Има и од трите дела на Македонија. Некои кои се дојдени покасно , ги знаат и местата од каде што се дојдени. Но во Романија македонците доаѓале во различни временски периоди. Можеби првите се пребегани од војувањето на Македонија со турците. Едни од првите за кои се знае периодот на нивното доаѓање во Романија, е во времето на Михаи Витеазу(кој умира во 1601 година). Се претпоставува дека тогаш пристигнале 16 000 фамилии, но не само македонци. Витеазу имал многу борци дојдено од југот на Дунав. Многу од неговите команданти биле македонци. Еден од позначајните бил Баба Новак, претходно тој бил но се разпопил за да се бори покрај Михаи Витеазу против турците.

**- Што ќе им порачате на читателите на "Народна Воља"?**

**Л.Д. :** Најпрво би сакала да ги поздравам сите македонци во Бугарија од македонците од Романија. Јас лично им посакувам здравје успех во сите активности. Импосакувам исто така да се борат за задржување и афирмација на македонскиот идентитет.

Георги Радулов

ştiu de unde anume provin. Macedonenii în România au sosit în câteva valuri de migraţie. Este posibil ca primii macedoneni sosiţi în România să fi fugit din cauza conflictului Macedoniei cu Imperiul Otoman. Despre primele valuri de migraţie ale macedonenilor pe teritoriile româneşti se ştie încă de pe vremea lui Mihai Viteazul (decedat în anul 1601). În acea perioadă se ştie că au sosit pe teritoriile româneşti cca. 16 000 de familii care nu toate erau de etnici macedoneni. Mihai Viteazul a avut foarte mulţi soldaţi aduşi din sudul Dunării şi multe dintre căpeteniile sale de oaste erau macedoneni. Unul dintre cei mai cunoscuţi era Baba Novac. Acesta a fost iniţial preot dar a renunţat la popie pentru a putea lupta alături de Mihai Viteazul.

**- Ce le uraţi cititorilor publicaţiei „Voinţa Poporului” ?**

**L.D.** : În primul rând doresc să-i salut pe toţi macedoneniii din Bulgaria din partea macedonenilor din România, iar eu personal le urez sănătate şi succese în tot ceea ce întreprind. Le doresc de asemenea să continue acţiunile pentru păstrarea şi afirmarea identităţii macedonene.

Gheorghi Radulov

# МАКЕДОНСКИ ВЕЛИГДЕНСКИ РЕЦЕПТИ

### Џигер чорба

-јагнешко шкембе
-јагнешки црева
-јагнешки бел дроб
-јагнешки џигер
-хранопроводот
-јагнешки бубрези
-јагнешка глава
-јагнешки врат
.четирите јагнешки нозе надолу од коленото
-исушен кромид околу 200 гр.
-сос од конзервирани домати 800гр.
-сол по вкус
-чубрица по вкус
-еден врзок од зелен леуштан
-оцет

Шкембето, цревата, џидерот, дробовите, бубрезите и хранопроводот се плакнат добро со ладна вода и се натопуваат со оцет. Големо внимание се посветува на шкембето и цревата кои се мијат и со сол за да се изгуби мирисот. Откако ке се измијат се ставаат во еден сад заедно шкембето, цревата и хранопроводот заедно и бубрезите со џигероти дробовите заедно. Откако ке се сварат се ставаат да се изладат. Откако ке се изладат се сецкаат на мали парчиња.

Во еден сад се става да се сварат главата, опашот, нозете и вратот. Се вади пената која ја создават и кога не ке има повеке се додава ситно исевкан кромид и органите исецкани. Се варат се додека се забележи дека се одвојува месото од коските. Во тој момент се додава чубрица, леуштан ситно исецкан, доматите исецкани ситно и сол.

# REŢETE PASCALE MACEDONENE

### Ciorbă de gighiri

- burta de la un miel
- maţele de la un miel
- plămânii de la un miel
- ficatul de la un miel
- rinichii de la un miel
- esofagul de la un miel
- capul mielului
- coada mielului
- gâtul mielului
- cele patru picioare ale mielului de la genunchi în jos
- ceapă uscată cca. 200g
- roşii în bulion un borcan de 800 ml
- sare după gust
- cimbru după gust
- o legătură de leuştean verde
- oţet

Burta, maţele, plămânii, ficatul, rinichii şi esofagul se spală foarte bine cu apă rece şi se limpezesc cu oţet. O atenţie deosebită se acordă burţii şi maţelor care vor fi spălate şi cu sare pentru a le face să piardă mirosul. După ce au fost spălate, se pun într-o oală la opărit astfel: maţele, burta şi esofagul împreună şi plămânul, rinichii şi ficatul împreună. Odată opărite se pun la răcit. Când s-au răcit se taie în cuburi mici.

Într-o oală se pun le fiert capul, gâtul, coada şi picioarele mielului. Se spumuiesc. Când nu mai trebuie spumuite se adaugă ceapa tocată mărunt şi organele tăiate în cuburi mici. Se fierb până când se observă că se desprinde carnea de pe oase. În acel moment se adaugă cimbrul, leuşteanul tăiat mărunt, roşiile tocate mărunt şi sarea.

Ciorba se serveşte cu hrean răzuit ţinut în smântână cu sare.

# ПРОЛЕТ ВО БУКУРЕШТ

Букурешт ... 16 апрли 2005, белите и виолетовоите магнолии ни испракаа еден насмев покрај празникот за мир на другите расцветани дрвја.

Пролетта се вгнезди и во седиштето на Д.М.Р на ул. Томас Масарик и не поздравуваше од гранчињата на една расцветана јаболкова гранка донесена во седиштето

# PRIMĂVARĂ ÎN BUCUREŞTI

Bucureşti ... 16 aprilie 2005, magnoliile albe şi violete ne trimiteu un surâs alături de sărbătoarea de pace a altor pomi înfloriţi.

Primăvara poposise şi în sediul Asociaţiei Macedonenilor din România din strada Thomas Masaryk şi ne

од госпоѓица пратеник Лиана Думитреску.

Со ред се собраа сите млади играорци од Урзикуца за да учествуваат на еден посебен настан.

Во музејот на селанецот пристигна и една екипа која требаше да сними еден рекламен спот за Европската Унија.

Требаше да претставиме и ние, македонците, неколку аргументи на нашето постоење на овие простори: традиционални народни носии, ора со македонски песни.

Оригиналните народни носии од зоната ма Скопје или од зоните до Егејското Море, се до автохтоните носии носени од македонците од зоната на Урзикуца и Баилешти, групата македонци го привлече вниманието како на посетителите од музејот така и на вработените во музејот на селанецот кои и покрај тоа што беа фамилијаризирани со експонати (така наречени од Македонија) му се восхитуваа на прекрасниот колорит на народните носии и од ставата на играорците.

Овие кога играа гледаа во сонцето така како што македонците гледале со векови, и ги носеа со гордост и достоинство изворните костими кои, преку посебната изработка, латица и набори, венерираа сончевите зраци и изложуваа природни бои кои истото сонце ги огрева.

На излегувањето од музејот, бевме запрени од една туристка која сакаше да се фотографира со сите од групата, привлечена од убавината на носиите, но и од ведрите насмевки на луѓето.

Така, со насмевка на усните покажавме дека можеме да ја поздравиме Европа од срцето на една земја во која прекрасното сонце го разнежнува животот на романците како и на националните малцинства.

Родика Паску.



**Dansuri populare ale etnicilor macedoneni**

**Народни ора на етничките македонци**

saluta de pe ramurile unei crengi de măr înflorit, adusă în sediu de domnişoara Liana Dumitrescu.

Rând pe rând s-au adunat aici tineri dansatori din Urzicuţa pentru a participa la un eveniment deosebit.

La Muzeul Ţăranului Român sosise o echipă ce realiza un spot publicitar pentru Uniunea Europeană.

Trebuia să prezentăm şi noi, macedonenii, câteva dintre bogăţiile folclorice specifice existenţei noastre pe aceste meleaguri: costume populare, dansuri şi cântece macedonene.

În costume originale din zona Skopje sau din zona Mării Egee, în costume autentice purtate de macedonenii din zona Urzicuţa şi Băileşti, grupul macedonenilor a atras admiraţia atât a vizitatorilor muzeului cât şi a angajaţilor, care, deşi erau familiarizaţi cu exponate ( aşa zis din Macedonia) au admirat coloritul minunatelor noastre costume dar şi ţinuta dansatorilor.

